**ЗАПИСНИК**

***од Третата седница на Националниот совет за евроинтеграции, одржана на 12 ноември 2014 година, во сала на Уставна комисија во Собрание на Република Македонија***

Седницата на Националниот совет за евроинтеграции започна во 10.04 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше г. Илија Димовски, потпретседател на Националниот совет за евроинтеграции. Со овластување на потпретседателот со дел од седницата претседаваше г. Антонио Милошоски, член на Советот и претседател на Комисијата за надворешна политика.

На седницата на Националниот совет за евроинтеграции присуствуваа: г.Илија Димовски потпретседател на Советот, г.Фатмир Бесими заменик на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за европски прашања и член на Советот, г.Антонио Милошоски, г. Мирван Џемаиљи, г-ѓа Силвана Бонева, г-ѓа Мерал Узеири Ферати, г.Кенан Хасипи, г-ѓа Солза Грчева и г.Александар Николоски пратеници и членови на Советот, г-ѓа Нора Алити, г-ѓа Ане Лашкоска, г-ѓа Светлана Карапетрова и г. Орхан Ибраими пратеници и заменици-членови на Советот, г.Димитар Мирчев, претставник од Кабинетот на Претседателот на Република Македонија, г.Дарко Ангелов претставник од Кабинетот на Претседателот на Владата на Република Македонија, г.Владо Камбовски претседател на Македонската академија за науките и уметностите, г.Антони Пешев од Стопанска комора на Македонија, г. Лулзим Хазири од Граѓанска платформа на Македонија, г-ѓа Валентина Зафировска од Еврејската заедница и г.Митко Алексов заменик претставник, од Сојузот на стопанските комори на Македонија.

На седницата на Советот присуствуваа г-ѓа Роза Топузовска Каревска, г-ѓа Мирсада Емини Асани и г. Ернад Фејзула пратеници во Собранието на Република Македонија.

На седницата на Советот присуствуваа г.Роберт Лидл, Раководител на Оддел за политички прашања, правда и внатрешни работи и г-ѓа Марина Курте Советник за политички прашања, во својство на претставници на Делегацијата на Европската унија во Република Македонија, како и г.Џовани Виетри аташе во Амбасадата на Република Италија во Република Македонија. На седницата присуствуваа претставници од Службата на Собранието на Република Македонија и медиумите.

На седницата беше предложен и усвоен следниот:

**Дневен ред:**

- *Усвојување на записник од Првата седница на Националниот совет за евроинтеграции;*
- *Усвојување на записник од Втората седница на Националниот совет за евроинтеграции*

1. Извештај за реализираните активности од Националната програма за усвојување на правото на Европската унија, ревизија 2014 година, за периодот 01.07.2014-30.09.2014 (трет квартал);
2. План на активности на Националниот совет за евроинтеграции за реализација за периодот ноември 2014 - ноември 2015 година;
3. Разно.

Записниците од Првата седница одржана на 24 септември 2014 година и Втората седница на Националниот совет за евроинтеграции одржана на 14 октомври 2014 година беа усвоени едногласно, без забелешки.

**ТОЧКА 1: Извештај за реализираните активности од Националната програма за усвојување на правото на Европската унија, ревизија 2014 година, за периодот 01.07.2014-30.09.2014 (трет квартал);**

Заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за европски прашања г.Фатмир Бесими, пред членовите и претставниците на Националниот совет за евроинтеграции го презентираше Извештајот за реализираните активности од Националната програма за усвојување на правото на Европската унија, ревизија 2014 година, за периодот 01.07.2014-30.09.2014 (трет квартал). Советот беше информиран за превземените активности на Владата на Република Македонија, по добивањето на Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2014 година. Заменикот на претседателот на Владата г.Фатмир Бесими истакна дека се дефинирани приоритетните области и истите се вклучени во подготовката на ревизијата на НПАА за 2015 година: политичкиот дијалог, судството, слободата на изразување и медиуми, меѓуетничките односи, добрососедските односи, регионалната соработка. До 11 ноември 2014, донесени се вкупно 20 закони (51%) и 64 подзаконски акти (44,8%), од проектираните во НПАА. Во однос на економскиот развој, г.Фатмир Бесими информираше дека забележан е раст на БДП од 3,9% за првите шест месеци од годината, и е најдобар остварен раст во земјите од регионот и на второ место во ЕУ.

Во расправата по Извештајот за реализираните активности од Националната програма за усвојување на правото на Европската унија, ревизија 2014 за третиот квартал од годината, со свои дискусии, сугестии и препораки учествуваа: г. Илија Димовски, потпретседател на Советот, г.Антонијо Милошоски, г-ѓа Мерал Узеири Ферати, г-ѓа Нора Алити, г. Мирван Џемаили, г-ѓа Силвана Бонева, г-ѓа Солза Грчева, пратеници и членови на Советот, г. Орхан Ибраими, пратеник и заменик член на Советот, проф.д-р Димитар Мирчев, член на Советот од Кабинетот на Претседателот на Република Македонија, академик проф. д-р Владо Камбовски член на Советот од Македонската Академија на науките и уметностите и г.Антони Пешев претставник на Стопанска комора на Македонија.

**ТОЧКА 2: План на активности на Националниот совет за евроинтеграции за реализација за периодот ноември 2014 - ноември 2015 година;**

Националниот совет за евроинтеграции го усвои Планот на активности на Националниот совет за евроинтеграции за реализација за периодот ноември 2014 – ноември 2015 година.

**ТОЧКА 3: Разно**

Во однос на третата точка од дневниот ред г. Антонио Милошоски информираше дека до усвојувањето на нов деловник, Советот ќе работи според Деловникот донесен на 25 октомври 2011 година.

Седницата на Националниот совет за евроинтеграции заврши во 12.50 часот.

Составен дел на овој записник се стенографските белешки од Третата седница на Советот и списокот на присутни членови и претставници на Советот, и нивните заменици.

31-1160/1
18.02.2016

**ПОТПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ**
**ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ**
**Илија Димовски**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Собрание на Република Македонија
СКОПЈЕ

Раководител на Секторот за поддршка на
Националниот совет за евроинтеграции,
Даниела Велковска